**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2023 ГОДИНА

**Скопје, јули 2023 година**

**Резиме**

- Бруто-домашниот производ во првото тримесечје од 2023 година забележа раст на реална основа од 2,1%, како резултат на позитивниот придонес на нето-извозот и на растот на потрошувачката;
- Според Анкетата на работна сила, стапката на невработеност во првото тримесечје од 2023 година изнесува 13,3% во категоријата лица на возраст од 15 до 74 години и 13,4% во категоријата од 15 до 64 години, додека стапката на невработеност кај младите лица (15-29) изнесува 25,7%;
- Во текот на 2023 година инфлацијата продолжи со трендот на забавување, започнат кон крајот на минатата година, и во јуни 2023 година забележа едноцифрена стапка на раст (9,3%), првпат по април 2022 година. Кумулативно, во првите шест месеци просечната стапка на инфлација изнесува 13,6%;
- Вкупните буџетски приходи во периодот јануари – јуни се остварени во износ од 131.251 милион денари, што претставува 46,5% од планираниот износ за 2023 година и во однос на првото полугодие претходната година тие се зголемени за 12,8%;
- Вкупните буџетски расходи во периодот јануари – јуни 2023 година се реализирани во износ од 154.846 милиони денари, што претставува 47,7% од годишниот план и во однос на првото полугодие претходната година тие се зголемени за 22,3%;
- Во периодот јануари – јуни 2023 година, во Буџетот на РСМ е остварен дефицит од 23.595 милиони денари, што претставува 2,7% од планираниот дефицит, односно 1,9% од проектираниот БДП за 2023 година;
- Државниот долг на Република Северна Македонија на крајот на првиот квартал од 2023 година изнесува 50,0% од БДП, додека јавниот долг претставува 57,5% од БДП.

**СОДРЖИНА**

Резиме ..... 1
1. Меѓународни економски трендови ..... 3
2. Макроекономски трендови во земјата ..... 4
  2.1. Економска активност ..... 4
  2.2. Пазар на работна сила ..... 7
  2.3. Инфлација и монетарни движења ..... 8
  2.4. Платен биланс ..... 9
3. Фискален сектор ..... 10
  3.1. Буџет на Република Северна Македонија ..... 10
    3.1.1 Извршување на Основниот буџет ..... 12
    3.1.2 Извршување на буџетот на фондовите ..... 14
    3.1.3 Извршување на буџетот на сопствените сметки за приходи на буџетските корисници ..... 15
    3.1.4 Извршување на Буџетот на РСМ по буџетски корисници ..... 15
  3.2. Управување со јавниот долг ..... 18

## 1. Меѓународни економски трендови[1]

Глобалната економска активност во текот на 2023 година се одвива во услови на неизвесност поради високата инфлација која се одржува веќе подолг временски период, турбуленциите во финансискиот сектор и геополитичките тензии. Европската Унија, како наш најголем трговски партнер, се покажува како поотпорна на неповолните глобални случувања од очекуваното. И покрај стравот од рецесија, европската економија во првиот квартал годинава забележа раст од 1,2% на годишна основа, во услови на пониски цени на енергијата и поволни движења на пазарот на труд. Од друга страна, Германија, како водечка економија, забележа минимален пад од 0,2%. Негативните влијанија од воениот конфликт во Украина се ограничени, како резултат на диверзификацијата на понудата на енергија и намалената потрошувачка на гас. Инфлацијата останува висока, пред сè базичната, што ќе предизвика дополнително заострување на условите за финансирање. Сепак, по достигнатиот врв при крајот на 2022 година, инфлацијата континуирано се намалува во текот на 2023 година, при поволни движења кај цените на енергијата. На пазарот на труд, во март невработеноста во ЕУ достигна историски најниско ниво од 6,0%, додека вработеноста е на историски највисоко ниво.

Согласно најновите проекции на Европската комисија, во 2023 година се очекува раст на европската економија од 1,0%, што претставува нагорна ревизија во однос на есенските проекции за раст од 0,3%, и на еврозоната од 1,1%. Во Германија, како најголема економија во рамки на ЕУ и наш најзначаен трговски партнер, проектиран е раст на економската активност од 0,2%, наспроти проектираниот пад од 0,6% во есенскиот извештај. Глобалната економија во 2023 година се очекува да оствари раст од 2,8% (Графикон 1).

Графикон 1. Глобален економски раст (во %)




Извор: Европска комисија, European Economic Forecast, мај 2023 г. (проекции за 2023 г.)

Ризиците во однос на проекциите се бројни и главно надолни. Подолготрајна инфлација дополнително би ја ограничила куповната моќ на домаќинствата и би повлекла уште посилен одговор од монетарната политика. Исто така, нови нарушувања во финансискиот сектор би предизвикале значително повисок отпор кон ризик и намалено кредитирање. Дополнително, експанзивна фискална политика уште повеќе би ја подгреала инфлацијата, а можни се и нови предизвици поврзани со геополитичките случувања. Како нагорен ризик е можноста за поповолни движења кај цените на енергијата, што би ја намалило инфлацијата и позитивно би влијаело врз домашната побарувачка.

[1] Анализата во овој дел се базира на извештајот на Европската комисија „European Economic Forecast“, објавен во мај 2023 година.

## 2. Макроекономски трендови во земјата[2]

### 2.1. Економска активност

Бруто-домашниот производ (БДП) во првото тримесечје од 2023 година забележа годишен раст од 2,1% на реална основа, со што економската активност забрза по растот од 0,6% во претходниот квартал.

Анализирано по дејности, економскиот раст во К1 2023 година се должи на позитивните остварувања кај повеќето дејности. Активноста во услужниот сектор, како целина, забележа раст од 3,6% во првото тримесечје, што пред сè се должи на поволните движења во дејностите трговија, транспорт и угостителство за 10,6%, финансиски и дејности на осигурување за 4,7% и информации и комуникации за 3,8%. Поволните движења во трговијата, иако со забавена динамика, продолжија и во периодот април – мај, со просечен номинален раст од 6,6%, во услови на раст на трговијата во сите сегменти.

Графикон 2. Структура на економски раст според производниот метод (придонес во раст, п.п.)




Во првите три месеци градежниот сектор забележа двоцифрен раст од 12,7% (по претходниот пад седум квартали по ред), што согласно високофреквентните податоци се должи на растот во двата сегмента, односно високоградба и нискоградба. Земјоделството во овој период забележа минимален раст од 0,1% по падот од 0,9% во претходниот квартал, со што продолжуваат променливите движења во овој сектор.

Во првото тримесечје активноста во индустрискиот сектор забележа раст од 0,8%. Согласно месечните податоци, индустриското производство забележа постепено закрепнување и во мај 2023 година забележа годишен раст од 6,1%, како резултат на зголеменото производство во сите сектори, и тоа: рударство за 8,6%, преработувачка индустрија за 5,3% и енергетски сектор за 4,0%. Растот на индустриското производство кој во првите пет месеци од годината изнесува 1,0%, во најголема мера е ограничен од намаленото производство на метали и производи од метали, поради ниските цени на металите, пред сè на никелот, и сè уште високите трошоци за нивно производство, како и на производството на храна и електрична опрема. Од друга страна, производството на електрична енергија бележи висок раст (25,5%) како резултат на напорите за зголемување на домашното производство во услови на енергетска криза.

[2] Во Извештајот се користат последните расположливи податоци. За БДП, невработеноста и платниот биланс достапни се податоци заклучно со првиот квартал од 2023 година.

Графикон 3. Годишен раст на индустриското производство (во %)




Анализирано според расходната страна, растот на економската активност во првото тримесечје од годината е резултат на позитивниот придонес на нето-извозот врз економскиот раст и на растот на потрошувачката. Бруто-инвестициите забележаа пад од 22,3%, што се должи на високата споредбена основа во К1 2022 година (раст од 31,8%), главно како резултат на зголемувањето на залихите во тој период во услови на зголемената неизвесност од воениот конфликт во Украина и енергетската криза. Потрошувачката забележа раст од 1,0% на реална основа, во чии рамки приватната потрошувачка поддржана од растот на платите, дознаките и солидната кредитна активност порасна за 2,7%, додека јавната потрошувачка се намали за 5,9% на реална основа.

Графикон 4. Расходна структура на економскиот раст (придонес во раст, процентни поени)




Во истиот период, извозот на стоки и услуги забележа раст од 7,1% на реална основа, што главно се должи на зголемениот извоз на машини и транспортни уреди, минерални горива и мазива, и хемиски производи. Увозот на стоки и услуги забележа пад од 4,3% на реална основа, со што нето-извозот има позитивен придонес во економскиот раст. Падот на увозот се должи пред сѐ на намалениот увоз на интермедијарни производи од 7,4%, којшто во голема мера е резултат на базниот ефект, имајќи предвид дека увозот значително порасна во К1 2022 година како резултат на зголемениот увоз на интермедијарни производи и суровини, што придонесе за раст на залихите во тој период (Графикон 4). Така, во првите пет месеци од 2023 година е регистриран пад на надворешнотрговската размена од 2,1% како резултат на падот на увозот на стоки од 7,5%, додека извозот на стоки забележа номинален раст од 6,0%, што придонесе за намалување на трговскиот дефицит за 35,6%.

Во последните три години, домашната економија покажа отпорност на последователните шокови предизвикани од глобалните фактори. Навремениот одговор на фискалната политика во голема мера го ограничи влијанието на овие шокови. По солидното постпандемично закрепнување во 2021 година, растот на домашната економија во 2022 година во голема мера беше ограничен од случувањата на глобално ниво предизвикани од енергетската криза и конфликтот во Украина, што доведе до забавено закрепнување на економијата. Уште на самиот почеток на енергетската криза, како продолжување на мерките за поддршка и закрепнување во периодот по пандемијата, Владата навремено реагираше со нов сет мерки, со цел забавување на преносниот ефект од увезената инфлација и обезбедување целосно и стабилно снабдување со електрична енергија и избегнување ценовни шокови. Мерките беа таргетирани кон најранливите категории граѓани погодени од кризата со цел заштита на животниот стандард, одржување на ликвидноста на компаниите, но и за поддршка на инвестициите во енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија за да се обезбеди енергетска стабилност на долг рок.

Економската активност во текот на 2023 година ќе биде придружена од висок степен на неизвесност поради продолжувањето на воениот конфликт во Украина, но и од геополитичките тензии, високото ниво на инфлација кое опстојува подолг период, заострувањето на финансиските услови од централните банки и зголемените ризици во финансискиот сектор предизвикани од неодамнешните турбуленции во банкарскиот сектор. Иако оценките за раст на глобалната и пред сè европската активност се незначително подобрени, тие и понатаму остануваат ниски. Притоа, за Германија, како најголема европска економија и наш најзначаен трговски партнер, се очекува забавување на економската активност. Ваквите појави се очекува да имаат неповолно влијание врз надворешната побарувачка, како и врз домашната побарувачка, односно инвестициите во основни средства и потрошувачката.

Економскиот раст во 2023 година е проектиран на 2,5%, при што инвестициите ќе имаат значајна улога во поддршката на економската активност. Реалниот раст на бруто-инвестициите е проектиран на 5,1% во 2023 година, во услови на очекуван раст и на јавните и на приватните инвестиции. Почетокот на изградбата на коридорите 8 и 10д, како најголеми инфраструктурни проекти, придружен со механизмите за нивна реализација, се очекува да ги одржи бруто-инвестициите на солидно ниво и да биде носител на растот на економската активност. Значителен импулс врз растот на инвестициите се очекува и од големиот интерес за инвестирање во обновливи извори на енергија од домашните и странските компании како одговор на енергетската криза, што ќе го забрза процесот кон зелена транзиција, во голема мерка поддржан и со мерките на Владата. Потрошувачката, исто така, е предвидено да го поддржи растот на домашната побарувачка. Приватната потрошувачка се очекува да забележи реален раст од 2,0%, а растот на јавната потрошувачка е проектиран на 0,5%.

Табела 1. Споредба на проекциите за економски раст и инфлација за 2023 година (во %)

| | Економски раст | Инфлација |
|---|---|---|
| **Министерство за финансии** | 2,5 | 8,9 |
| **ММФ** | 2,1 | 9,2 |
| **Светска банка** | 2,4 | 9,1 |
| **Европска комисија** | 2,0 | 7,9 |
| **ЕБОР** | 2,0 | / |
| **Агенција за кредитен рејтинг „Фич“** | 2,2 | 8,3 |
| **Народна банка на РСМ** | 2,1 | 8,0 - 9,0 |

Извор: ММФ (IMF Staff Concludes Visit to North Macedonia, јуни 2023 г.), Светска банка (Western Balkans Regular Economic Report, мај 2023 г.), Европска комисија (European Economic Forecast, мај 2023 г.), ЕБОР (Regional Economic Prospects, мај 2023 г.), Агенција за кредитен рејтинг „Фич“ (Fitch Ratings, април 2023 г.), Народна банка на РСМ (Квартален извештај, мај 2023 г.).

## 2.2. Пазар на работна сила

Стапката на невработеност[3] во К1 2023 година, согласно податоците од Анкетата на работна сила, во категоријата лица на возраст од 15 до 74 изнесува 13,3%, во категоријата од 15 до 64 години 13,4%, додека стапката на невработеност кај младите (15-29) изнесува 25,7%.

Стапката на вработеност во категоријата лица на возраст од 15 до 64 години во првото тримесечје од 2023 година изнесува 56,5%, а во категоријата од 15 до 89 години 45,1%. Кај лицата од 15 до 29 години стапката на вработеност е пониска и изнесува 33,4%.

Бројот на вкупното активно население на возраст од 15 до 89 години е 787.645 лица, односно 52,0% од вкупното работоспособно население. Во категоријата лица на возраст од 15 до 64 години стапката на активност изнесува 65,2%, додека кај младите од 15 до 29 години 44,9%.

Во првите четири месеци од 2023 година, платите забележаа просечен раст од 13,3% на номинална основа (Графикон 5). Во овој период раст на просечна плата се забележува во сите сектори, при што најизразен е во градежништвото, угостителската дејност, транспорт и складирање, образование, административни, помошни и услужни дејности, информации и комуникации, како и во дел од дејностите во индустрискиот сектор и земјоделството.

Графикон 5. Раст на просечната нето-плата (во %)




Извор: Државен завод за статистика

[3] Податоците за К1 2023 не се споредливи со податоците од претходните години, со оглед на тоа што во 2023 година се имплементирани новата Регулатива (ЕУ) бр. 2019/1700 на Европскиот парламент и Советот за социјална статистика и соодветната Извршна регулатива на Комисијата (ЕУ) бр. 2019/2240 за областа на работната сила, при што претходната Регулатива (ЕЗ) бр. 577/98 е укината. Овие промени предизвикаа прекин на временските серии податоци.

## 2.3. Инфлација и монетарни движења

Во текот на 2023 година инфлацијата продолжи со трендот на забавување, којшто започна кон крајот на минатата година, и во јуни 2023 година забележа едноцифрена стапка на раст (9,3%), првпат по април 2022 година. Кумулативно, во првите шест месеци просечната стапка на инфлација изнесува 13,6%.

После високата инфлација во 2022 година, како резултат на ценовните нарушувања предизвикани од високиот раст на цените на енергијата и воениот конфликт во Украина, во 2023 година цените на храната и енергентите на светските берзи се намалија и тоа се пресликa и во домашната економија, иако со побавно темпо во споредба со еврозоната. Цените на храната коишто имаат најголем придонес врз растот на цените во првата половина од 2023 година се зголемија за 19,4% и притоа храната останува главен двигател на растот на трошоците на живот, но со значително забавен раст на годишно ниво (12,1% во јуни), како и намалување на придонесот кон вкупната инфлација. Намалување се забележува кај нафтените деривати што е во склад со движењата на светските берзи. Базичната инфлација во првата половина од 2023 година изнесува 9,7% и притисокот од неа се очекува да се задржи и во текот на летото, иако во мај и јуни веќе се забележува постепено забавување.

Графикон 6. Вкупна и базична инфлација (во %)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Мин. за финансии

Во првата половина од 2023 година, Народната банка продолжи со затегнување на монетарната политика поради инфлациските остварувања, во комбинација со неизвесното надворешно окружување кое наложува натамошна претпазливост со цел стабилизирање на инфлацијата на подолготрајна основа.

Во периодот од јануари до јуни 2023 година, Народната банка ја зголеми основната каматна стапка во четири наврати, односно за 1,25 п.п., од 4,75% на 6,0%.

Во мај 2023 година, вкупните кредити се зголемија за 6,5%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата и кредитите кон претпријатијата од по 6,5%.

Вкупниот депозитен потенцијал во мај 2023 година оствари раст од 10,7% на годишна основа. Анализирано според валутата, споредено со истиот месец претходната година, депозитите во домашна и во странска валута се зголемија за 12,7% и 8,2%, соодветно. Од аспект на секторот, овој месец депозитите на претпријатијата бележат раст од 17,8% на годишно ниво, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 8,7%.

## 2.4. Платен биланс

Тековната сметка на платниот биланс забележа суфицит од 122,5 милиони евра во првото тримесечје од 2023 година, наспроти дефицитот од 388,8 милиони евра истиот период лани, што главно се должи на зголемениот прилив на тековни трансфери во рамките на сметката на секундарен доход и на зголемениот суфицит на сметката на услуги, како и на намалениот трговски дефицит. Приливот на странски директни инвестиции (СДИ) изнесува 126,5 милиони евра, што се должи на приливот по основ на реинвестирање на добивката и сопственичкиот капитал, додека кај должничките инструменти е забележан одлив.

Графикон 7. Салдо на тековна сметка и прилив на СДИ (во милиони евра)



Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Девизните резерви во мај 2023 година изнесуваат 4,2 милијарди евра и обезбедуваат покриеност на увозот на стоки и услуги од 4,1 месец од претходниот 12-месечен период, што претставува соодветно ниво за водење на монетарната политика.

## 3. Фискален сектор

### 3.1. Буџет на Република Северна Македонија

Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година вкупните приходи се планирани во износ од 282.052 милиона денари, вкупните расходи 324.810 милиони денари, односно планиран е дефицит од 42.759 милиони денари (дефицит на Основниот буџет 34.765 милиони денари, дефицит на фондовите 4.771 милион денари и дефицит на сметките за сопствени приходи 3.223 милиони денари).

Графикон 8. Шематски приказ на Буџетот на РСМ, остварување (во милиони денари) и стапка на реализација (во %) во првото полугодие од 2023 година




Вкупните буџетски приходи се реализирани во износ од 131.251 милион денари, што претставува 46,5% од планираниот износ за 2023 година, односно зголемување од 12,8% во однос на реализираните буџетски приходи во истиот период од 2022 година (Табела 2). Во рамки на вкупните приходи, 117.135 милиони денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 46,7% од планираниот износ за 2023 година, односно се забележува раст од 10,4% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 73.248 милиони денари[4] (реализација од 45,1% од планираниот износ за 2023 година), додека придонесите се реализирани во износ од 43.887 милиони денари (годишен раст од 20,7%, односно 49,8% од планираниот износ за 2023 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај данокот од личен доход и тоа од 15,2%, по што следат увозните давачки со раст на наплатата од 10,0%, другите даночни приходи кои бележат раст од 9,0%, акцизите со раст од 8,4%, данокот на добивка со 7,5%, додека кај данокот на додадена вредност се забележува пад од 0,1%.

Вкупните расходи на Буџетот на РСМ во периодот јануари – јуни 2023 година се реализирани во износ од 154.846 милиони денари, што претставува 47,7% од годишниот план, односно раст од 22,3% во однос на првото полугодие од 2022 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 132.928 милиони денари или 48,2% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 12,5% во однос на истиот период од 2022 година. Раст се забележува кај каматните расходи и тоа за 30,5%, кај расходите за стоки и услуги за 9,3% и кај платите и надоместоците за 9,0%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековни расходи, се зголемија за 12,4%, водени од високиот раст кај субвенциите и трансферите од 5,9% и дотациите од ДДВ од 45,4%. Во рамки на трансферите,

[4] Вклучени се и приходите од сопствени сметки во износ од 586 милиони денари.

социјалните трансфери се зголемија за 12,4%. Капиталните расходи се реализирани во износ од 21.918 милиони денари и се повисоки за 156,9% во споредба со истиот период од 2022 година. Стапката на реализација на капиталните расходи во првото полугодие во однос на иницијалниот буџет изнесува 45%.

Табела 2. Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари – јуни 2023 година

| | Буџет 2023 | Јануари-јуни 2023 | | |
|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **282.052** | **131.251** | **12,8%** | **46,5%** |
| **Даноци и придонеси** | **250.689** | **117.135** | **10,4%** | **46,7%** |
| Даноци | 160.330 | 73.248 | 5,5% | 45,4% |
| Данок на личен доход | 26.500 | 12.504 | 15,2% | 47,2% |
| Данок на добивка | 14.700 | 9.712 | 7,5% | 66,1% |
| ДДВ | 78.500 | 31.844 | -0,1% | 40,6% |
| Акцизи | 29.200 | 12.958 | 8,4% | 44,4% |
| Увозни давачки | 10.700 | 5.304 | 10,0% | 49,6% |
| Други даночни приходи | 730 | 926 | 9,0% | 46,7% |
| Придонеси | 88.089 | 43.887 | 20,7% | 49,8% |
| **Неданочни приходи** | **19.894** | **7.783** | **0,5%** | **39,1%** |
| **Капитални приходи** | **2.800** | **383** | **-51,4%** | **13,7%** |
| **Странски донации** | **8.669** | **5.950** | **255,0%** | **68,6%** |
| **Приходи од наплатени заеми** | **0** | **0** | **/** | **/** |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **324.810** | **154.846** | **22,3%** | **47,7%** |
| **Тековни расходи** | **276.059** | **132.928** | **12,5%** | **48,2%** |
| Плати и надоместоци | 34.880 | 17.164 | 9,0% | 49,2% |
| Стоки и услуги | 23.631 | 9.569 | 9,3% | 40,5% |
| Трансфери | 204.625 | 99.508 | 12,4% | 48,6% |
| Социјални трансфери | 144.951 | 71.293 | 12,4% | 49,2% |
| ПИОСМ | 86.799 | 44.079 | 14,1% | 50,8% |
| Паричен надоместок за невработени | 2.976 | 751 | -3,7% | 25,2% |
| Социјална помош | 13.111 | 7.044 | 13,5% | 53,7% |
| Здравствена заштита | 42.064 | 19.419 | 9,1% | 46,2% |
| Други трансфери | 58.235 | 27.148 | 12,4% | 46,6% |
| Камата | 12.923 | 6.687 | 30,5% | 51,7% |
| **Капитални расходи** | **48.751** | **21.918** | **156,9%** | **45,0%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-42.759** | **-23.595** | **128,0%** | **55,2%** |

Извор: Министерство за финансии

Во периодот јануари – јуни 2023 година остварен е дефицит на Буџетот на РСМ од 23.595 милиони денари, што претставува 2,7% од проектираниот БДП за 2023 година, односно 55,2% од

годишниот план (Табела 2). Во рамките на Буџетот на РСМ, Основниот буџет оствари дефицит од 24.822 милиона денари, фондовите суфицит од 1.569 милиони денари, а на сметките за сопствени приходи суфицит во износ од 342 милиона денари.

### 3.1.1 Извршување на Основниот буџет

Вкупните приходи на Основниот буџет во периодот јануари – јуни 2023 година изнесуваат 80.148 милиони денари. Тие претставуваат 45,9% од вкупно предвидените приходи за 2023 година во износ од 174.671 милион денари.

Наплатата на даночните приходи во овој период, кои претставуваат најзначајна ставка во рамки на вкупните приходи, изнесува 71.961 милион денари, односно 45,3% од годишниот план, додека неданочните и капиталните приходи се остварени во износ од 3.580 милиони денари или 33,4% во однос на планираните за целата година.

Структурата на остварените даночни приходи покажува дека данокот на додадена вредност има најголемо учество со 31.844 милиони денари или 44,3% од вкупните даночни приходи (Графикон 9). Потоа следуваат приходите по основ на данок на личен доход со 12.504 милиони денари, акцизите со 12.257 милиони денари, данокот на добивка со 9.712 милиони денари, увозните давачки со 5.304 милиони денари и другите даночни приходи со 340 милиони денари.

Графикон 9. Структура на остварени даночни приходи, јануари – јуни 2023 година




Извор: Министерство за финансии

Вкупните расходи на Основниот буџет во периодот јануари – јуни 2023 година се реализирани во износ од 104.970 милиони денари или 50,1% од вкупно предвидените средства со Основниот буџет за 2023 година.

Во структурата на извршените расходи во овој период, најголемо учество имаат расходите по основ на капитални расходи со 19.855 милиони денари. Потоа следуваат тековни трансфери до буџетските фондови со 17.833 милиони денари, субвенции и трансфери 17.635 милиони денари, плати и надоместоци 16.210 милиони денари, тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа 13.211 милиони денари, расходи за стоки и услуги 6.802 милиона денари, социјални бенефиции 6.709 милиони денари и каматни плаќања 6.687 милиони денари. На Графиконот 10 е прикажано нивното процентуално учество во вкупните расходи.

Графикон 10. Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари – јуни 2023 година




Извор: Министерство за финансии

Стапката на реализација во категоријата стоки и услуги изнесува 41,7%. На Графиконот 11 се прикажани дезагрегирани податоци за извршените расходи за стоки и услуги.

Графикон 11. Расходи за стоки и услуги, јануари – јуни 2023 година (во милиони денари)




Извор: Министерство за финансии

Тековните трансфери до буџетските фондови во првата половина од годината претставуваат 5,7% од годишниот план. Во рамки на оваа категорија 56,9% отпаѓаат на трансфери до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија (Фонд на ПИОСМ), додека остатокот претставува трансфер до Фондот за здравствено осигурување и до Агенцијата за вработување.

Од вкупно планираните средства за тековни трансфери до ЕЛС за 2023 година, во првата половина од годината се реализираа 49,5%. Во рамки на оваа категорија, најголемиот износ или 86,3% се реализирани по основ на блок и наменски дотации, додека остатокот е по основ на ДДВ дотации.

Стапката на реализација во категоријата субвенции и трансфери во разгледуваниот период изнесува 45,9%. Најголем дел од овие средства, 5.694 милиони денари, се исплатени по основ на земјоделски субвенции од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Социјалните бенефиции во периодот јануари – јуни претставуваат 53,7% од годишниот план.

Капиталните расходи во разгледуваниот период претставуваат 52,3% од планираните средства за оваа намена со Основниот буџет за 2023 година. На Графиконот 12 се прикажани дезагрегирани податоци за извршените капитални расходи.

Графикон 12. Капитални расходи, јануари – јуни 2023 година (во милиони денари)



Извор: Министерство за финансии

Во разгледуваниот период, од Основниот буџет е извршена отплата на главнината по однос на вкупниот долг во износ од 7.862 милиона денари, додека плаќањата по основ на камати изнесуваат 6.687 милиони денари. Од вкупните одливи по основ на отплата на кредити, 5.416 милиони денари се одливи за отплата на главнина кон домашни кредитори, додека 2.446 милиони денари се одливи за отплата на главнина кон нерезидентни кредитори. За трошоци по основ на камата кон домашни кредитори исплатени се 1.795 милиони денари, а кон странски кредитори 4.892 милиона денари.

### 3.1.2 Извршување на буџетот на фондовите

Фондот на ПИОСМ во првата половина од годината оствари дефицит од 841 милион денари. Остварувањето на приходите и приливите заклучно со јуни изнесува 48.315 милиони денари, што претставува 51,8% во однос на планираните за 2023 година, додека извршувањето на расходите изнесува 49.156 милиони денари, односно 50,6% од годишниот план. Од вкупните приходи, 29.658 милиони денари се приходи по основ на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување (49,1% од годишниот план), 17.786 милиони денари се трансфери од Основниот буџет, 701 милион денари се приходи од акцизи, 10 милиони денари се приход од дивиденди, а останатите 160 милиони денари се други приходи на Фондот.

Во делот на расходите на Фондот на ПИОСМ, трошоците за пензии се реализирани во износ од 37.541 милион денари или 50,1% од предвидените за 2023 година. Исплатата на пензиите се одвива во согласност со предвидената динамика за 2023 година. Трансферите од Фондот на ПИОСМ до приватните пензиски фондови изнесуваат 6.538 милиони денари, а придонесите за здравствено осигурување за пензионери до Фондот за здравствено осигурување се исплатени во износ од 4.807 милиони денари. Расходите за плати, стоки и услуги и други трошоци се извршени во износ од 224 милиони денари.

Заклучно со јуни 2023 година, Фондот за здравствено осигурување оствари суфицит во висина од 1.556 милиони денари, во услови на остварени приходи од 21.231 милион денари, што претставува 51% од годишниот план и извршени расходи во износ од 19.675 милиони денари, односно 46,2% од планираните за 2023 година.

Во разгледуваниот период, остварени се приходи од придонеси за здравствено осигурување во износ од 12.409 милиони денари или 51,04% од годишниот план. Придонесите за здравствено осигурување на пензионери уплатени од Фондот на ПИОСМ изнесуваат 4.807 милиони денари, додека придонесите за здравствено осигурување уплатени од Агенцијата за вработување на РСМ изнесуваат 61 милион денари. Трансферите од Основниот буџет изнесуваат 3.698 милиони денари, приходите од партиципација 211 милиони денари, а останатите приходи 45 милиони денари. Во делот на расходите, реализирани се трошоци за примарна здравствена заштита во износ од 16.673 милиони денари, трошоци за боледување 2.284 милиони денари, за ортопедски помагала 285 милиони денари и за лекување во странство 177 милиони денари. Расходите за плати, стоки и услуги и капиталните расходи изнесуваат 256 милиони денари.

Во периодот јануари – јуни 2023 година, Агенцијата за вработување на РСМ оствари суфицит во висина од 854 милиони денари, во услови на остварени приходи во износ од 1.875 милиони денари (49,3% од планираните за 2023 година) и извршени расходи во износ од 1.021 милион денари (26,8% во однос на годишниот буџет). Придонесите по основ на осигурување во случај на невработеност се главна приходна ставка и се остварени во износ од 1.820 милиони денари, односно 53,7% од годишниот план.

Расходите на Агенцијата за вработување во првата половина од годината изнесуваат: по основ на паричен надоместок за невработени лица - 644 милиони денари, по основ на средства за вработување на инвалидни лица - 55 милиони денари, за активни мерки за вработување - 107 милиони денари, а за плаќање придонеси за пензиско и здравствено осигурување за невработени лица - 61 милион денари. Расходите на Агенцијата за плати, стоки и услуги изнесуваат 154 милиони денари.

### 3.1.3 Извршување на буџетот на сопствените сметки за приходи на буџетските корисници

Согласно Буџетот на РСМ за 2023 година планиран е дефицит на буџетите на сопствените сметки за приходи на буџетските корисници (наменети за самофинансирачки активности, заеми и донации) во износ од 3.223 милиони денари, додека остварениот дефицит во анализираниот период изнесува 342 милиона денари.

Заклучно со јуни 2023 година, вкупните остварени приходи на овие сметки изнесуваат 6.081 милион денари (35,8% од планот за 2023 година), а реализираните расходи 6.423 милиони денари (31,8% од годишниот буџет). Во рамки на расходите, за тековни расходи се потрошени 4.388 милиони денари или 45,6% од годишниот план, додека за капитални расходи 2.035 милиони денари или 19,3% од годишниот план.

### 3.1.4 Извршување на Буџетот на РСМ по буџетски корисници[5]

Во продолжение е даден осврт на расходите и одливите од Буџетот на РСМ за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува 86,3% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници (Графикон 13).

Министерството за труд и социјална политика во првата половина од 2023 година реализира 29.502 милиона денари или 55,3% од планираниот буџет за 2023 година. Притоа, најголем дел (67,6%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 19.931 милион денари или 57,1% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, која учествува со 23,6% во вкупните расходи и за оваа намена се реализирани 54,7% (6.941 милион денари) од планираните за 2023 година.

[5] Деталните податоци за приходите и расходите по буџетски корисници се прикажани во табелите на следната врска: https://finance.gov.mk/извештаи-трезор/. Податоците се прелиминарни и неконсолидирани и ги вклучуваат и приливите и одливите на средства.

Во периодот јануари – јуни 2023 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[6] реализирани се 17.294 милиони денари, односно 23,3% од предвидените за 2023 година. Отплата на главнина (7.675 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 44,4%, а притоа реализирани се 14,8% од планираните средства за 2023 година. За камата реализирани се 38,8% од износот за цела година, односно 5.012 милиони денари, а во вкупните расходи оваа ставка учествува со 29%. Трета најзначајна ставка, со учество од 10,5%, е капитални расходи, за што се потрошени 1.813 милиони денари.

Графикон 13. Структура на реализирани расходи и одливи според буџетски корисници, јануари – јуни 2023 година



Извор: Министерство за финансии

Министерството за образование и наука во периодот јануари – јуни 2023 година реализира буџетски средства во износ од 16.136 милиони денари (50,5% од планираното), што е за 19,0% повеќе во споредба со претходната година. Најголем дел од расходите (59,7%) се тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 9.617 милиони денари или 49,78% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 16,2%, за што се потрошени 2.612 милиони денари, односно 49,8% од вкупно предвидените.

Во првата половина од 2023 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 6.123 милиони денари, што претставува 48,08% од буџетот за 2023 година и е за 1,7% помалку во однос на претходната година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 67,1%, за што се потрошени 4.107 милиони денари или 47,87% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 22,9% и за неа се реализирани 1.395 милиони денари, што претставува 57,8% од годишниот план.

Во периодот јануари – јуни 2023 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира средства во износ од 5.996 милиони денари (68,1% од вкупните планирани средства за 2023 година). Главна ставка кај овој буџетски корисник со учество од 95% во вкупните расходи е субвенции и трансфери, којашто е реализирана во износ од 5.694 милиони денари, односно 77,6% од планираното.

Министерството за одбрана во првата половина од 2023 година реализира буџетски средства во износ од 6.403 милиони денари, што е 37,6% од вкупниот буџет за оваа година. Тие се повисоки за 41,7%

[6] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

споредено со претходната година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 46,6%, за што во периодот јануари – јуни 2023 година се реализирани 2.597 милиони денари (51,9% од вкупно предвидените средства). Расходите за стоки и услуги учествуваат со 22,6% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.446 милиони денари, односно 39,6% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во првите шест месеци од 2023 година реализира средства во износ од 5.106 милиони денари, што е 28,4% од планираното за годината и тие се пониски за 10,6% споредено со претходната година. Најголема ставка со учество од 78,7% се капиталните расходи за која се реализирани 4.018 милиони денари или 77,8% од планираните средства за 2023 година. Втора значајна ставка со учество од 14% се субвеции и трансфери, за која во првата половина од 2023 година се потрошени 711 милиони денари, односно 6,1% од планираното за 2023 година.

Министерството за здравство во првата половина од годината реализира буџетски средства во износ од 2.452 милиона денари (зголемување од 4,6% во споредба со истиот период претходната година), што е 35,3% од вкупниот буџет за 2023 година. Расходите за тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во вкупните расходи со 52,2%, за што во периодот јануари – јуни 2023 година се потрошени 1.279 милиони денари или 42,6% од средствата наменети за 2023 година. Стоки и услуги е втора најзначајна ставка со учество од 38,2% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена се потрошени 938 милиони денари, односно 29,5% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во периодот јануари – јуни 2023 година реализира средства во износ од 12.071 милион денари, што претставува само 60,5% од вкупниот буџет за 2023 година и истите се повисоки за 916,8% споредено со претходната година. Ставка со највисоко учество во вкупните расходи на овој буџетски корисник е капитални расходи, чија реализација во првата половина од 2023 година изнесува 11.537 милиони денари (95,6% од вкупните расходи), што е 61,3% од годишниот буџет за оваа намена. За субвенции и трансфери се потрошени 370 милиони денари, што е 58,5% од планираното за цела година, а во вкупните расходи учествуваат со 3,1%.

### 3.2. Управување со јавниот долг

Државниот долг на Република Северна Македонија на крајот на првото тримесечје од 2023 година изнесува 7.201,9 милиони евра, односно 50,0% од проектираниот БДП за 2023 година, додека јавниот долг[7] изнесува 8.275,0 милиони евра, односно 57,5% од БДП (Графикон 14). Притоа, во однос на крајот на 2022 година, учеството на државниот долг во БДП е пониско за 1 п.п., а на јавниот долг за 2,2 п.п.. Податоците за нивото на долгот имплицираат на негова повторна стабилизација, што доаѓа после периодот на зголемување на долгот како резултат на кризата предизвикана од пандемијата на ковид-19.

Графикон 14. Состојба на државен и јавен долг (во % од БДП)




Од аспект на каматната структура на државниот долг, на крајот на првото тримесечје од 2023 година односот на фиксната и варијабилната каматна стапка изнесува 76,3:23,7 соодветно (Графикон 15). Од аспект на валутната композиција, долгот во домашна валута учествува со 24,9% во портфолиото на вкупниот државен долг, додека долгот деноминиран во странска валута учествува со 75,1%. Притоа, учеството на долгот во евра во вкупниот државен долг изнесува 68,8% (вклучувајќи ги и домашните државни хартии од вредност со девизна клаузула), специјалните права за влечење учествуваат со 5,9%, долгот во јапонски јени учествува со 0,3%, а долгот деноминиран во американски долари со 0,05%.

Графикон 15. Каматна структура (лево) и валутна структура (десно) на државниот долг во првото тримесечје од 2023 година







[7] Со измените на Законот за јавен долг во мај 2019 година („Службен весник" бр. 98/2019), негарантираниот долг е вклучен во дефиницијата за јавен долг.

Во периодот јануари – јуни 2023 година, Министерството за финансии на редовна основа издаваше државни хартии од вредност на домашниот пазар, во согласност со календарот за издавање ДХВ.

Во текот на првото полугодие од 2023 година беа реализирани редовни ревизии на оценките на кредитниот рејтинг на државата од страна на агенциите за кредитен рејтинг „Фич“ и „Стандард и Пурс“.

- Во април 2023 година, Агенцијата за кредитен рејтинг „Фич“ го ревидираше изгледот на кредитниот рејтинг на РС Македонија „ББ+“, од негативен во стабилен, како потврда за спроведувањето добри политики од страна на Владата, во услови на глобална ценовна и енергетска криза. Како клучен фактор којшто придонесе за стабилниот изглед се истакнува намалувањето на буџетскиот дефицит во 2022 година за 0,9 п.п., а очекувањата на Агенцијата се дека тој дополнително ќе се намалува како резултат на мерките за фискална консолидација, односно намалување на трошоците поврзани со реализација на мерките за надминување на енергетската криза, даночните прилагодувања и заживувањето на економијата. Од Агенцијата, исто така, нотираат дека почетокот на интегративниот процес со ЕУ може позитивно да влијае врз зголемувањето на рејтингот на земјата во иднина.
- Во јануари 2023 година, Агенцијата за кредитен рејтинг „Стандард и Пурс“ го потврди кредитниот рејтинг на земјава на „ББ-“ со стабилен изглед. Очекувањата на Агенцијата се дека проактивното креирање политики на Владата на РС Македонија, како и умерените нивоа на државниот долг ќе ги неутрализира повеќекратните ризици што произлегуваат од конфликтот во Украина. „Стандард и Пурс“ посочија дека очекуваат фискалната консолидација да продолжи. Кризата ќе има влијание и во 2023 година, но сепак се очекува дека буџетскиот дефицит ќе биде понизок во однос на 2022 година, на ниво од 4,1%, што е пониско од владините проекции (4,6%).